**20262233685**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за комуналните дејности,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 15 септември 2026 година.

Бр. 08-5639/1
15 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

### ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Член 1

Во Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), членот 30-а се менува и гласи:

„(1) Со Државниот комунален инспекторат раководи директор, кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(2) За именување на директор се спроведува постапка утврдена во Законот за високи раководители.

(3) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени со Законот за високи раководители.

(4) Мандатот на директорот трае пет години.

(5) На директорот мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.“.

Член 2

Директорот на Државниот комунален инспекторат именуван до денот на започнувањето со примената на овој закон, продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.